**Известување за концентрација со која Корпорацијата Јагео, Република Кина, ќе стекне контрола врз Корпорацијата КЕМЕТ, САД**

**(предмет бр. 08-1/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), на ден 02.01.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Корпорацијата Јагео, со седиште во 3Ф,233-1, Баокиао Роуд., област Ксиндиан., Њу Тајпеј Сити, Тајван, Република Кина стекнува контрола врз Корпорацијата КЕМЕТ, со адреса на седиште на Уан Ист Боуард Булевард, Апартман 500, Форт Лаудердал, ФЛ 33301, САД.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Корпорацијата Јагео** е лоциран во Тајван и е друштво кое е специјализирано за пасивни уреди - отпорници, кондензатори и индуктори.

Пред концентрацијата, групацијата на Корпорацијата Јагео не била присутна на пазарот во Северна Македонија.

**Корпорацијата КЕМЕТ**, е глобален производител на пасивни електронски компоненти кои се користат во различни индустрии, вклучувајќи автомобилска, комуникациска, компјутерска, индустриска, потрошувачка, воена и воздушна, медицинска и индустрија за алтернативна енергија.
Производите на групацијата Корпорацијата КЕМЕТ, вклучуваат повеќеслојни керамички, цврсти и електролитски алуминиумски и филмски кондензатори и електромагнети, сензори и актуатори.

Корпорацијата КЕМЕТ е присутно во Северна Македонија преку друштво во негова целосна индиректна сопственост, **КЕМЕТ Електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје**, со адреса на седиште на ул. Технолошка Индустриска Развојна зона бр. 1 ББ, Илинден, Северна Македонија.

Според подносителите на известувањето релевантниот пазар на стоки и услуги за предметната концентрација би можел да се дефинира како пазар на производство на пасивни електронски компоненти.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.01.2025 година
Скопје